Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 09-09-2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 4371 | 1 | |

60 13:40

**До:**
**д-р Зоран Трајчевски, директор**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 196-г и член 196-ѓ од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16), а во врска со Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Првиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1) бр.10-4351/1 од 07.09.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, доставува:

**П Р Е Д Л О Г**
**за постапување**

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Првиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), бр.10-4351/1 од 07.09.2016 година, емитуван во периодот од 2 до 5 септември 2016 година.

Предмет на извршениот надзор (мониторинг) е член 75-д став 4 од Изборниот законик („*Од денот на распишување на изборите сè до нивното завршување, радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) не смеат да емитуваат, односно да објавуваат реклами финансирани од Буџетот на Република Македонија, од буџетите на општините и на градот Скопје и на сите други лица на кои со закон им е доверено вршење на јавни овластувања*"). Согласно член 196-в од Изборниот законик, правилата за медиумско претставување од член 75-д се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Првиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), бр.10-4351/1 од 07.09.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, предлага:

☒ да се поднесе барање за поведување на прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – опомена, со оглед дека прекршокот е сторен за прв пат.

☐ да не се преземе мерка.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување на 07.09.2016 година доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Првиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА

РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), бр.10-4351/1 од 07.09.2016 година, емитуван во периодот од 2 до 5 септември 2016 година.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Првиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), бр.10-4351/1 од 07.09.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување констатираше дека ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1) сторил прекршок на член 75-д став 4 од Изборниот законик.

Врз основа на претходно наведеното, Привремената комисија за следење на медиумско претставување предлага да се поднесе барање за поведување на прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – опомена, со оглед дека прекршокот е сторен за прв пат.

**Членови на Привремената комисија за следење на медиумско претставување:**

1. Слаѓана Димишкова ____________________
2. Љубомир Костовски ____________________
3. Горан Трпеноски ____________________
4. Цветин Чилиманов ____________________
5. Љуљзим Хазири ____________________